Бр./Nr 12-3188/1
06 -11- 2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1477/1 од 12.05.2025 година оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во работењето на одговорните лица во ------- ----------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1477/1 од 12.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет со број 12-1477/1 од 12.05.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во работењето на одговорните лица во ----------. Кон овој предмет се споени пријави со број 12-1476/1 од 12.05.2025 година и 12-1342/1 од 17.04.2025 година со исти наводи заради постапување на ДКСК во единствена постапка.
Имено, во пријавата се наведува дека од страна на одговорните лица на ---------- ---------- не се преземени активности за исплата на покачување на плата на вработените во износ од 10% во 2023 година, како и за исплата на другите права од работен однос што им припаѓаат на вработените согласно закон и Колективниот договор, (отпремнини, јубилејни награди и друго) во 2023 година, за кои средства постои сомневање дека се искористени за други намени, односно за ангажирање на продукциски куќи. Воедно, во пријавата се

наведува дека од страна на одговорните лица во претпријатието се набавени три луксузни возила во вредност од 150.000 евра.

Во насока на проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и документација до ----------, од каде се доставени бараните информации.

По разгледување на прибавената документација е утврдено следното:

---------- работи согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, Законот за јавните претпријатија, Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за административни службеници и сите останати закони кои ја покриваат областа на работењето на јавните претпријатија.

Правата и обврските од работен однос на вработените во ---------- се уредени со Колективен договор потпишан меѓу Репрезентативниот синдикат на ---------- и Програмскиот Совет на ----------, Законот за работни односи и со договорите за вработување потпишани помеѓу вработените и -------.

Во Колективниот договор на -------- со бр.----------/7 од 31.07.2019 година, а во согласност со Законот за минимална плата утврден е во ставот 3 од членот 67, дека пресметковната вредност на коефициентот на вработените на -------, еднаш годишно се усогласува со минималната плата, се земат во предвид трошоците за живот и сето тоа се прави пред донесување на Финансискиот план на ---------- за наредната година, кој врз основа на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се доставува до Собранието на РСМ на усвојување.

Во 2023 година, усогласувањето на минималната плата е реализирано со Измена и дополнување на Колективен договор бр.---------/2 од 29.09.2023 година, каде во член 1 се врши измена и дополнување на членот 67 став 3 во врска со износот на минималната плата, која претходно изнесувала 18.000 денари, а со усогласувањето е утврдена на 20.175,00 денари, како и ставот 4, каде било уредено дека пресметката ќе започне од месец септември 2023 година, со што било уредено вработените да добијат покачување на плата поголема за 12,08%. Како доказ за потврда на горенаведеното, -------- достави Анекси на договори на вработени, по случаен избор и споредбената пресметка за плата за месеците август и септември 2023 година, со цел утврдување на фактичката состојба.

По разгледување на доставените пресметки на плати на вработените за месец август и септември, по случаен избор и во Анекс Договорите за вработување, е утврдено дека вработените во ---------- од месец септември 2023 година, примиле покачена плата врз основа на усогласувањето на минималната плата.

По однос на наводите за неисплаќање на јубилејни награди и отприемнини поради заминување во пензија во ------ -----, во одговорот на претпријатитето е наведено дека секоја

јубилејна награда и отприемнина поради заминување во пензија, била исплатена врз основа на изготвено решение за таа намена. Како потврда на тоа, ---------- во прилог на одговорот достави список и решенија на вработените кои остварале право на пензија и се пензионирале во 2023 година и добиле отприемнина, како и список на лица кои остварале право на јубилејна награда и решенија за исплата на истите. Исто така доставени се и банкарски изводи заради докажување и потврдување на горенаведеното.
По разгледување на целокупната документација, ДКСК утврди дека ---------- во 2023 година исплатило отприемнини и јубилејни награди на вработени кои што согласно закон исполниле услови за пензија, односно ги навршиле потребните години работен стаж.

По однос на наводите кои се однесуваат на спроведените постапки за јавни набавки за набавка на службени возила во вредност од 150.000 евра, ---------- извести дека потребата за набавката на службените возила се должи на обврската на јавниот сервис за следење на редовните и вонредните парламентарните и локалните избори, планирани за 2024 година, од причина што возниот парк на ---------- бил во многу лоша состојба, возилата биле многу амортизирани и со голема помината километража и небезбедни за возење. Поради ова, ---------- спровела постапка за јавна набавка, со објавување на Јавен оглас на ЕСЈН со бр.-----/2023, со проценета вредност на набавката 7.700.000,00 денари без ДДВ, која била спроведена во два дела и тоа: Дел 1: Набавка на SUV патничко возило и Дел 2: Набавка на повеќенаменско патничко возило. Комисијата за јавни набавки спровела јавно отварање на доставените 4 понуди и истите биле предмет на евалуација.
По завршување на евалуацијата на понудите, Комисијата утврдила термин за одржување на електронска аукција преку системот ЕСЈН, на која учествувале економските оператори. Во однос на постапката за Дел 1, поради тоа што била поднесена една понуда, Комисијата констатирала дека не постојат услови за спроведување на е-аукција.
По доставување на Извештајот од спроведената евалуација на понудите, на предлог на Комисијата за јавната набавка, одговорното лице на --------- донел одлука за избор на најповолна понуда и ги избрал економските оператори за секој дел поединечно:
-Дел 1: Набавка на SUV патничко возило-ДТУ Киа Нортх Македониа ДОО увоз-извоз Скопје, со понуда од 1.492.628,00 денари без ДДВ
-Дел 2: Набавка на повеќенаменско патничко возило - ДВНТ Еуроимпекс ДОО увоз-извоз Скопје, со понуда од 5.307.200,00 денари без ДДВ.
По ова, на ден 24.10.2023 година бил склучен Договор за јавна набавка на стоки со број 05-5119/15 (набавка на возило за дел 1) помеѓу --------- и ДТУ Киа Нортх Македониа ДОО увоз-извоз Скопје и Договор за јавна набавка на стоки со број --------/16 (За Дел 2) помеѓу ---------- и ДВНТ Еуроимпекс ДОО увоз-извоз Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека не се потврдуваат пријавените наводи, поради што нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., Член на ДКСК